| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Како го мериме времето |
| **Содржина на денот** | Зимска песна |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Весна Пецева |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Со децата се разговара како го чуваме здравјето кога многу студи. Се разговара за облеката што треба да се носи и како да се внимава на хигиената на облеката. |
| **Активности** | 1. Слушање на песната – „Многу сакам снег“<br>Разговорот за топлата облека се поврзува со разговорот за зимата, снегот што го посакуваат децата и санката на Дедо Мраз која се лизга на снегот. Со децата се гледаат и опишуваат снегулките и се пуштаат да паѓаат претходно исечени форми на снегулки од тенка бела хартија. Потоа децата ја слушаат песната „Многу сакам снег“ (Поточиња 2007-Сара Крисинар). Возрасните се обидуваат да го насочат детето кон фокусирано слушање со повторување на зборовите од песната и прашања за содржината. Детето ја слуша песната со повеќе повторувања и доколку покаже интерес танцува според мелодијата. На крајот заедно со детето може да туткате листови од бела хартија како снежни топки и да направите забавен снежен бој во домот или надвор. |